**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.06.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3186 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 јуни 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 јуни 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

   – **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на регионално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 8 часа програма на телевизија);

   – **Член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите се обврзани дневно да емитуваат најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во РМ, од која половина во периодот од 7.00 до 19.00 часот);

   – **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, емитуван на 1 јуни 2016 година, на регионално ниво (регион Д-1), **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврска дневно да емитува најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на бошњачки и на македонски јазик, бидејќи според програмскиот концепт

кој е составен дел од дозволата за емитување, сервисот го емитува на бошњачки и на македонски јазик, од која половина во периодот од 7:00 до 19:00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 1 јуни 2016 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, емитувал 7 часа 38 минути и 23 секунди програма изворно создадена во Република Македонија на бошњачки и на македонски јазик, што е **36.18%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 6 минути и 51 секунда). Законскиот минимум од 50% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 1 јуни што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:06:51), е 10 часа 33 минути и 26 секунди. Програмскиот сервис на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај емитуваше за 2 часа 55 минути и 3 секунди помалку изворна програма од потребниот минимум.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 50% изворно создадена програма во РМ на бошњачки и на македонски јазик. Половина од законскиот минимум (од 10:33:26) изнесува 5 часа 16 минути и 43 секунди изворно создадена програма во РМ на бошњачки и на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на ТРД ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 3 часа 46 минути и 17 секунди изворно создадена програма во РМ на бошњачки и на македонски јазик, што во оваа ситуација е за 1 час 30 минути и 26 секунди помалку од потребниот минимум.

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, на 1 јуни 2016 година, не емитуваше најмалку 50% програма изворно создадена во Република Македонија на бошњачки и на македонски јазик, ниту пак, најмалку половина од неа ја емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

**9. Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на член 92 ставови 1 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***